**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 17.10.2016

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредно |
| --- | --- | --- | --- |
| 10 | 4941 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Вкупното времетраење на анализираните прилози во десетдневниот извештаен период е 4 часа 17 минути и 7 секунди. Предмет на мониторинг и натаму е централното дневно-информативно издание на ТВ 21 М, ТВ Дневникот од 18 часот и 30 минути. Речиси целокупното време е отстапено за претежно информативните жанрови, (вест, вест во низа, извештај, извештај со коментар, изјави) со траење од 4 часа 13

минути и 39 секунди (табела 1). Емитуван е еден новинарски осврт, со времетраење од 3 минути и 28 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ 21 М | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:14:34 | 5,74 % |
| Граѓански сектор | 00:18:04 | 7,12 % |
| СДСМ | 00:16:42 | 6,58 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:09:47 | 3,86 % |
| Претседател на РМ | 00:00:34 | 0,22 % |
| ДПА-ДР | 00:02:52 | 1,13 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:30:41 | 12,10 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:11:15 | 4,44 % |
| Без субјекти | 00:26:18 | 10,37 % |
| Други субјекти | 00:37:19 | 14,71 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:08:00 | 3,15 % |
| Влада на РМ | 00:30:35 | 12,06 % |
| Локална самоуправа | 00:02:21 | 0,93 % |
| Судство | 00:06:43 | 2,65 % |
| Специјално обвинителство | 00:02:30 | 0,99 % |
| Собрание на РМ | 00:08:20 | 3,29 % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:36 | 0,24 % |
| Демократски сојуз | 00:01:17 | 0,51 % |
| Левица | 00:02:00 | 0,79 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:04:10 | 1,64 % |
| Јавно обвинителство | 00:04:36 | 1,81 % |
| Шарена револуција | 00:03:44 | 1,47 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:06 | 0,83 % |
| Беса | 00:01:51 | 0,73 % |
| Унитети | 00:02:06 | 0,83 % |
| ДИК и други органи | 00:00:26 | 0,17 % |
| АПМ - Алијанса за позитивна Македонија | 00:01:01 | 0,40 % |
| Привремена комисија | 00:00:55 | 0,36 % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:00:46 | 0,30 % |
| АРМ | 00:01:30 | 0,59 % |
| | **Вкупно: 04:13:39** | 100 % |

Четири од субјектите имаат двоцифрена процентуална застапеност и заедно зафаќаат речиси една половина од времето на анализираните прилози во вестите на ТВ 21 М. Подредени според временската и процентуална застапеност, тоа се субјектите методолошки категоризирани како „Други субјекти" (14.71%), Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари (12.10%), Влада на РМ (12.06%) и субјектите кодирани како „Без субјекти" (10.37%).

Најзастапена меѓу нив е категоријата „Други субјекти" во којашто во овој четврти извештаен период припаѓаат: универзитетски професори, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Стопанска комора на РМ, адвокати, ИВЗ, Сеизмолошка опсерваторија, Универзитет „МИТ", новинари, уметници,

Македонска академија на науките и уметностите и др. Информациите за неколкуте судски процеси („Дива населба", постапките што се водат против активисти на Шарената револуција), кадешто најчесто со медиумите комуницираа адвокатите на обвинетите, потоа информациите за случувањата на универзитетите „Мајка Тереза" , „МИТ", кадешто во улога на соговорници се појавуваат нивни одговорни лица или дел од професорскиот кадар, ја чинат во најчест случај застапеноста на категоријата „Други субјекти".

Неколку настани што се случија во извештајниот период, во коишто главни носители на случувањето или една од страните беа амбасадорите во РМ, меѓународните организации или странските политичари, и информирањето за нив, придонесоа категоријата Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари да биде второзастапена во вестите на ТВ 21 М. Информациите за посетите на нашава земја на неколку странски политичари (европратеникот Ричард Ховит, министерката за одбрана на Словенија, Андреа Катиќ, министерот за образование на Косово, Арсим Бајрами, министерот за одбрана на Србија, Зоран Ѓорѓевиќ), потоа најавите за посетата на комесарот за проширување на ЕУ на нашава земја, Јоханес Хан, се дел од прилозите што влијаеа на застапеноста на оваа категорија субјекти во централното дневно-информативно издание на телевизијата. Времето го надополнуваат уште прилозите за реакциите на странските амбасадори во врска со неизгласувањето на пакетот закони наменети за работата на Специјалното јавно обвинителство, пренесените делови од интервјуто на Нина Суомалаинен, шеф на мисијата на ОБСЕ во Македонија, во врска со претстојните избори, дадено за Радио Слободна Европа, потоа информациите за конференцијата на ОБСЕ организирана во Скопје во врска со мигрантската криза, официјалното предавање на опремата наменета за мониторинг на АААВМУ од страна на евроамбасадорот Самуел Жбогар и други.

Медиумот информира за редовните активности на претставниците на Владата и оттука произлегува застапеноста на овој субјект во анализираните прилози, кој временски и процентуално е застапен исто колку и претходниот субјект амбасадори/меѓународни организации/странски политичари (двата се присутни со нешто повеќе од по 30 минути). Дел од информациите се однесуваат за средби на претставници на Владата на РМ со странски политичари. Такви се информациите за средбите на министерот за одбрана Јолевски со неговите колеги од Словенија и Србија, информациите за средбите на министерот за образование Пиштар Љутфиу со ресорниот министер на Косово и со шефот на мисијата на ОБСЕ во Македонија.

Последниот од субјектите со двоцифрена процентуална застапеност е оној кодиран како „Без субјекти". Известувањето за секојдневните животни проблеми со коишто се среќаваат граѓаните, пред се од доменот на инфраструктурата и социјалните прашања, придонесуваат за застапеноста на оваа категорија субјекти. Такви се информациите за проблеми со атмосферската канализација во делови на општина Чаир, за проблемите со коишто се уште се среќаваат дел од поплавените семејство од скопско, за луѓето без постојан кров над главата итн. Во најголем дел од прилозите посветени на овие теми, единствен соговорник се жителите на тие подрачја. Информациите за некои од судските процеси („Дива населба", „Сопот"), во коишто своите видувања на настаните ги изнесуваат роднините на обвинетите лица, ја дополнуваат присутноста на категоријата кодирана како „Без субјекти".

Дванаесет политички субјекти се дел од информациите емитувани во централното дневно-информативно издание. Според временската застапеност, редоследот на политичките субјекти е следен: СДСМ, ВМРО ДПМНЕ, ДУИ, ДПА-ДР, ДПА, Унитети, Левица, Беса, Демократски сојуз, Алијанса за позитивна Македонија, Национална демократска преродба и ЛДП. Телевизијата известува со неутрален тон и рамка.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ 21 М | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:07:38 | 13,41 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:23 | 7,70 | % |
| СДСМ | 00:05:27 | 9,57 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:57 | 1,67 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:47 | 10,16 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:03:10 | 5,56 | % |
| Други субјекти | 00:12:07 | 21,28 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:54 | 3,34 | % |
| Влада на РМ | 00:05:34 | 9,78 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:40 | 1,17 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:23 | 0,67 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:38 | 1,11 | % |
| Левица | 00:00:44 | 1,29 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:30 | 2,63 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:56 | 3,40 | % |
| Шарена револуција | 00:02:06 | 3,69 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:58 | 1,70 | % |
| Унитети | 00:00:12 | 0,35 | % |
| АПМ - Алијанса за позитивна Македонија | 00:00:32 | 0,94 | % |
| Беса | 00:00:20 | 0,59 | % |
| | **Вкупно: 00:56:56** | 100 | % |

Категоријата „Други субјекти" е најзастапена и во однос на отстапеното време за директни обраќања, За непосреден пристап до публиката, на оваа категорија и е отстапено нешто повеќе од 1/5 од вкупното време одвоено за директни обраќања во вестите на ТВ 21 М. Според застапеноста следуваат субјектите: експерти/аналитичари, амбасадори/меѓународни организации/странски политичари, претставници на Владата на РМ, претставници на политичката партија СДСМ итн.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Дебатни емисии</u>*

Во рамки извештајниот период од 2 до 11 октомври, се емитувани 4 премиерни дебатни емисии и 6 репризи на премиерните изданија. Сите дебати се реализирани во рамки на емисијата „Клик плус".

На 4 октомври, гости во емисијата беа Бехџудин Шеапи, државен секретар во Министерството за култура, Африм Таири, теолог, Миџат Положани, археолог, Скендер Хасани, директор на Институтот за културно наследство на Албанците и Изаим Муртезани, од Институтот за албански фолклор. „Албанците, интеграциите, религијата" беше работниот наслов на темата на емисијата, којашто беше два пати репризирана наредниот ден, на 5 октомври, во утврдените термини за реприза на оваа емисија, рано наутро и претпладне.

Премиерното издание на емисијата од 5 октомври е со тројца претставници од политички партии, Талат Џафери од ДУИ, Мухамед Зекири од СДСМ и Зулфи Адили од Унитети, а главниот акцент од дебатата беше на Специјалното јавно обвинителство – неговиот мандат, законските измени што ги бара обвинителството и др. На 6 октомври дебатата беше два пати репризирана.

На 7 октомври беше емитувано уште едно премиерно издание на емисијата „Клик плус", овој пат за безбедносните ризици со кои се соочува Република Македонија. Гости во студиото на ТВ 21 М беа Гоце Делчев-Тодев од Независниот полициски синдикат, аналитичарите Алајдин Демири и Ристо Никовски, и

Стефко Стевановски од Центарот за управување со кризи. На 8 октомври се емитувани две репризни изданија на оваа дебата.

Последната дебатна емисија беше реализирана на 11 октомври. Случувањата на новоотворениот универзитет на албански јазик „Мајка Тереза" беа во фокусот на дебатата. Меѓусебно расправаа Азис Положани, ректор на универзитетот, Милаим Фазлиу, универзитетски професор, Арбен Раткоцери, новинар и Аделина Марку, аналитичар.

*Интервјуа*

Во рамки на емисијата „10 минути", се емитувани 3 интервјуа.

Првото интервју е реализирано на 4 октомври со активистот на Шарената револуција Павле Богоевски, со главен акцент на судскиот процес што се води против него, за учество во толпа.

Наредниот ден, 5 октомври, е емитувано интервју со претседателот на партијата Демократски сојуз, Павле Трајанов, во врска со предлог-законите што се однесуваат на Специјалното јавно обвинителство, што оваа партија ги поднесе до Собранието.

Последното интервју беше со заменик-министерот за одбрана, Беким Максути, за случувањата во Министерството за одбрана поврзани со искажаните незадоволства на офицерите и војниците.

***Сектор за програмски работи***